| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Водата извор на живот |
| **Содржина на денот** | Дете и облаче |
| **Возраст** | 4-6години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за значењето на водата како основен фактор за опстанок на живиот свет на планетата Земја. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор за значењето на водата за целиот жив свет на планетата Земја. Разговарајте колку е важна водата  за нас луѓето, за животните и за растенијата. На пример земете една саксија со некое растение- цвеќе, објаснете му на детето дека и на растенијата им е потребна вода за да може да растат. Потоа дозволете му на детето да го полее растението со вода, додека го набљудувате растението, поттикнете го детето да ви одговара на поставени прашања (зошто е потребно да се полева растението со вода, што ќе се случи доколку не го полеваме со вода и сл.).<br>Потоа водете разговор за водата во природата, за тоа во каква состојба може да биде ( течна,цврста и гасна агрегатна состојба).<br>По слика разговарајте за кружниот тек на водата во природата – утврдување на знаењата.<br>Откако ќе завршите со разговорот прочитајте го текстот „Дете и облаче“ од Васка Јовановска. Започнете со читање, поттикнете го детето да ве следи со внимание, потоа објаснете ја содржината и непознатите зборови, а на крајот прераскажете го преку прашања и одговори (охрабрете го детето да поставува прашања, но и  да одговара на поставени прашања со целосни граматички правилни реченици).<br>Активноста завршете ја со илустрација на текстот со дрвени бои на лист од блок. Воедно на крајот од активноста потсетето го детето за цвеќето за кое треба да се грижи и да го полева со вода. |